РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НЕВЕНА ГЕОРГИЕВА - ДУЊА
Бр. 03-274/1
25.09 2025 год.
СКОПЈЕ

# Кодекс за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и вонучилишни активности

## КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

**Ученикот/чката треба:**

- Да го испочитува времето на поаѓање и закажаното место за тргнување;
- Да го почитува планот на предвидените дневни активности, активно да учествува во реализацијата на истите, а ученикот/чката со ПОП да учествува во активности, согласно видот и степенот на попреченост, индивидуалните афинитети, потреби и можности;
- Да ги следи упатствата и насоките дадени од одделенските раководители, додека ученикот/чката со ПОП да ги следи упатствата со поддршка и помош од страна на придружник (родител/старател, образовен асистент, специјален едукатор и рехабилитатор)
- Да го почитува времето за одмор по завршувањето на активностите;
- Да го претставува достојно своето училиште, чувајќи го својот углед, угледот на училиштето и наставниците;
- Да се однесува примерно, почитувајќи ги другите, да има пристоен и толерантен однос применувајќи ненасилно решавање на проблемите;
- Да негува пријателски односи и да покаже добра волја за помош на другите;
- Да се грижи за хигиената во просторот во кој престојува, како и при посетите на местата и знаменитостите, отпадокот да го одложи на соодветно место;
- Да е одговорен за своите лични предмети;
- Да води сметка за својата лична хигиена;
- Да го почитува куќниот ред во хотелските капацитети;
- Да го почитува кодексот на однесување, во спротивно Наставничкиот совет ќе му забрани учество на следните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и ќе предложи да му се изрече педагошка мерка;

**Ученикот/чката не смее:**

- Да ја загрозува личната безбедност и безбедноста на другите;
- Да се оддалечува од групата, во спротивно самоволното напуштање на групата и непочитување на упатствата на одделенскиот раководител, ќе се смета како загрозување на безбедноста на ученикот и групата, и истото ќе биде санкционирано според правилникот за педагошки мерки на училиштето;
- Да го попречува редот и дисциплината во текот на патувањето во превозното средство, престојувалиштето како и местото на посета (културно-историски споменик, археолошко наоѓалиште, музеј, библиотека и сл.);
- Да предизвикува и учествува во насилни конфликтни ситуации;

- Да ги навредува и непристојно да се однесува кон останатите ученици, наставници, возачи, вработени во туристичката агенција, хотелскиот персонал, и други лица со кои стапува во комуникација;
- Да нанесе материјална штета ( пишување, шарање на ѕидови и мебел, режење на вратите, оштетување на стакла и сл.);
- Да се облекува непристојно, да носи облека со навредливи натписи, односно облека која не е во контекст на ситуацијата во која се наоѓа;
- Да конзумира алкохол, енергетски пијалоци, цигари и други недозволени супстанци;

**Родителот/старателот на ученикот треба:**

- Да потпише изјава пред изведувањето на екскурзиите, излетите, наставата во природа и другите вонучилишни активности;
- Да ја преради потпишаната изјава на одделенскиот раководител/ раководителот на паралелката, најдоцна три дена пред изведувањето на екскурзиите, излетите и наставата во природа;
- Да го извести одделенскиот раководител за здравствената состојба на ученикот доколку е потребно;
- Да ги надомести трошоците за предизвиканата материјална штета намерна или ненамерна;

Директор,

м-р Наталија Делева

Наталија Делева